Македонскиот нотаријат е дел од Латинскиот нотарски систем, а Република Макеоднија е земја-членка на Меѓународната Унија на Нотари од 2001 година. Нотар по овој систем е “приватен правен професионалец, кој дели правен совет, изготвува и нотаризира правни документи за клиенти и одржува трајна докуметација. Одредени правни дела бараат нотаризација по сила на закон. Кога ги извршува своите обврски нотарот мора да биде независен и непристрасен. Тој мора да ги балансира интересите на сите инволвирани страни во правното дело и правна трансакција, во согласност со Законите. Нотарот го именува државен орган, но нотарската награда ја добива од клиентите. Затоа, нотарот не само што врши јавна служба, туку, во исто време, е и правно лице (двојна функција на нотарот согласно OECD). Општо во Латинскиот нотаријат, државен орган (Министерство за правда во РМ) го регулира бројот на именувани нотари, надлежноста на подрачјето за кое се именувани, како и нотарската тарифа по која може да наплатуваат за нотарските услуги. Дополнително, нотарот е обврзан да го понуди целиот опсег на правни услуги кои се во негова надлежност и не може да одбие да ја даде својата услуга на клиент кој ќе ја побара, освен доколку не постои оправдана правна причина за одбивање. (ministerieplicht)

- Латинскиот нотаријат се појавува за прв пат во Северна Италија за време на 11тиот и 12тиот век. Сите држави во Латинскиот нотаријат се оргнизирани под систем на граѓанското право, кое оригинално е базирано на Францускиот “code civil”. Во овој момент 80% од земјите во ЕУ имаат имплементирано Латински нотаријат во нивните правни системи. Спротивното на Латинскиот нотаријат е Англо-Саксонскиот нотар кој се среќава во земји кои во најголем дел подлежат на “commonwealth”– односно на обичајното право, општо Соединетите Американски држави и Австралија.

**Обврски на нотарот**

Во Европска квалификација на нотарската професија обврските на нотарот може да се поделат на правни и екстра-правни обврски. Исто така може да се направи дистинкција помеѓу правни услуги во обласга на семејното право, правото на сопственост и други стварни права и трговското право.

Нотарскиот акт е автентичен документ, сочинет од страна на нотар. Разликата со другите официјални документи е тоа што само нотар ја има силата по закон да го сочини нотарскиот акт. Нотарот е исто така овластен да составува и други правни исправи, освен ако јавен службеник на државен орган не го има специјалното овластување да го состави документот.

Табелата подоле овозможува преглед на најбитните правни дела за кој нотарот е должен да изготви нотарски акт во повеќето држави членки на Меѓународната Унија на Латинскиот нотаријат:

| **Во облста на законот за сопственост и други стварни права** | **Семјено право** | **Трговско право** | **Други правни услуги (кои не инволвираат задолжителен нотарски акт)** |
|---|---|---|---|
| - Пренос на право на сопственост и други стварни | - Регулирање на имотно-правни односи помеѓу брачни друари | - Договори за деловна соработка | Заверка на препис<br>Заверка на потпис<br>Заверка на превод |

| | | | |
|---|---|---|---|
| права врз недвижен имот | | | |
| - Составување или бришење на хипотеки | - Изговување на тестамент | | - Водење на доверени судкси оставински предмети |
| | - Договори за подарок во форма на нотарски акт | | - Потврдување на приватна исправа |
| | | | - Издавање на решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа |

**Екстра-правни обврски**

Постојат правни дела и трансакции за кои нотарски акт не е задолжителен за да биде правно валиден. Луѓето по **слободен избор** ги склучуваат нивните договори во форма на нотарски акт наместо тоа да биде приватна исправа. Со нотарскиот акт доаѓаат повеќе предности:

- Откако нотарот ќе го потпише документот, датумот и времето во нотарскиот акт е дефинитивен за сите страни. Истовремено, постанува факт дека страните кои се наведени се нависитна потписници на документот.
- Во Холандија ако некој признал во нотарскиот акт дека има долг и не ги исполни обврските, страната која има извод од нотарскиот акт може во извршна постапка да го намири своето побарување пред надлежен орган (најчесто извршител) без судкса интервенција.
- Нотар е непристрасен експерт во правните дела и трансакции, кој ги застапува интересите на сите инволвирани страни при изготвувањето на нотарскиот акт, а во согласност со Законите.
- Во Холандија, примери на ектра-правни дела вклучуваат давање на правен совет (на пример во случај на договор за закуп или содружнички договори), планирање на градба врз недвижен имот (правно и даночно советување при пренос на правата со недвижниот имот и зашита на имотот, медијација помеѓу страните каде постои правен конфликт се со цел да се избегне судска (процесна) постапка.
- Регулација преку Законот за нотаријатот е апликативна кон сите правни дела, како и нотарските акти кои не се задолжителни со закон и се по барање на странката. Согласно Законот, нотарот може да одговара за грешки. Истото важи во случај на екстраправни обврски, со одлука на суд.

Numerus clausus во Европа

Во Европа, согласно numerus clausus, заменик нотар може да биде назначен само ако има отворено место за тоа. Тоа може да се случи само ако нотар се откажал од својата професија или ако има потреба од дополнителни нотари.

Распишување на конкурс – критериумот за распишување на оглас вклучува истражување на број на жители во локацијата, бројот на нотарски акти кој бил склучен и вредноста на предметите која е обезбедена со нотарски акти во таа област. Министерството за правда по известување на НКРМ, ќе достави документација на разгледување, а Министерот ќе одлучи дали да биде распишан нов конкурс.

Потоа следува апликацирање до НКРМ и Министерство за правда.

Солидарна апликација за заменик нотар/помошник.

Министерот не може да именува некој кој не е посакуван од праксата во нотаријатот. Нотарот може да одбере кој да биде негов заменик, одлуката ја носи Министерот. Нотарот има една нотарска кнацеларија и нема подружници кон истата.

Одреден степен на финансиска сигурност е видена како гаранција за професионалната непристрасност на нотарот и одговорност кон сите страни еднакво. Од друга страна, еднаков пристап на нотарските услуги мора да е гарантиран, за наградата не би била превисока. Нотарите се очекува да се натпреваруваат по основ на квалитет, а не по основ на цена.

Во Белгија, интердициплинарна соработка помеѓу нотари и адвокати или нотари и даночни сектори **не се дозволени**. Секој нотар е должен да ги понуди сите правни дела. Наградата за нотарот се состои од: нотарска награда (регулирана со закон), судска такса за секој нотарски акт, и некои минимални дополнитени трошоци во врска со изготвување на нотарскиот акт.

Во Германија и Австрија не е дозволено нотарите да соработуваатт со други професии, но функционирајќи на федеративно ниво, еден минорен процент е исклучок на правилото.

Во Квебек и Канада, задолжително е 4 годишно правно образование за нотари и адвокати, потоа има дополнителни 3 години практични студии за тие кои се одлучуваат да останат во нотарско право, додека за адвокатите не. Со вонпроцесни дејствија и сочинување на нотарски акти.

Нотарски акти со недвижности конституираат најголем процент од нотарските акти во Европа.

Во последните статистики на Брисел нотарските акти и услугите дадени од страна на нотар се најбезбеден начин со кој што се извршуваат трансакции во правниот промет, бидејќи само 0,5% од нотарските акти завршуваат во парнична постапка (судкса постапка), додека во сите останати случаи 20% од предметите завршуваат со судска интервенција.

Од овој извештај на Европската Комисија, а и во исто време кога пристигнуваат извештаите од Европска Комисија дека судство во Македонија не ужива независност, нотаријатот во Република Македонија може да биде двигател на правна сигурност за граѓаните во сите вонпарнични и предизвршни постапки на граѓанското право. За постигнување на таа цел во Република Македонија, како што е сумирано во овој текст, нотарските работи и сочинување на нотарски акт треба да се достапни за граѓаните, нотарот независно да одлучува, да ги застапува еднакво

интересите на сите учесници, како и да имплементира нови технологии со цел поефиктивно да ја извршува својата професија. Секоја тврда регулација која воведува задолжително присуство на адвокат со странка која пристапува до нотар е ограничување на слободната волја на странката во вонпроцесни (неспорни) постапки.

Воедно, потребно е Министерството за правда како државен орган, кој го контролира и регулира работењето на нотарите во Република Македонија да обезбеди избор на лимитиран број квалитетни нотари и да постави успешна регулатива за да ја обезбеди ваквата автономност на нотаријатот и нивните ингеренициии во вонпроцесните постапки потребни за ефективно функционирање и работење во нотарската професија. За крај, потребно е нотарите да продолжат да ја извршуваат својата професија во духот на добрата етика.